**20251613556**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, бр.37/25, 86/25 и 101/25) и во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 10-та по ред седница за 2025 година одржана на ден 9.7.2025 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ДОБИЕНИ ОД ПРОДАЖБА И ЗАКУП НА ОДЗЕМЕН И КОНФИСКУВАН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правилникот за начинот на користење на средствата добиени од продажба и закуп на одземен и конфискуван имот бр.715/1 од 7 февруари 2025 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.50/25) и тоа наместо насловот:„ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ДОБИЕНИ ОД ПРОДАЖБА И ЗАКУП НА ОДЗЕМЕН И КОНФИСКУВАН ИМОТ“, треба да стои: „ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ДОБИЕНИ ОД ПРОДАЖБА, ЗАКУП И ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН И КОНФИСКУВАН ИМОТ“.

Член 2

Во членот 1 по зборот:„закупнината“, се додаваат зборовите:„и отстапувањето“.

Во истиот член точката се брише и се додаваат зборовите:„(во понатамошниот текст: Агенцијата)“.

Член 3

По членот 4 се додава нов член 4-а со нов поднаслов кој гласи:

Член 4-а

**„Уплата на средства од отстапување на привремено одземен имот, или привремено одземени предмети**

„Кога управувањето со привремено одземениот имот, или привремено одземените предмети е сврзано со поголеми трошоци или трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на имотот или предметите и предметите се отстапени согласно со одлука на Влада на Република Северна Македонија на државен орган, државниот орган на кој му е отстапен предметот е должен на Агенцијата да ѝ уплати 7 % од направената процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од страна на овластен проценител или од Бирото за процена, која Агенцијата ја обезбедува во рок од 10 дена од добената согласност од судот, органот, односно сопственикот на имотот или предметите која ја даваат во рок 15 дена од приемот на барањето во Агенцијата.

За привремено одземените предмети кои се надвор од промет  и кои можат да се отстапат само на државните органи од областа на безбедноста и одбраната, органите надлежни за гонење и правосудната полиција, не се врши уплатата на средства во висина од 7 % од вредноста на отстапениот имот“.

Член 4

Се врши измена на насловот од член 5 и тоа наместо: „Управување со средства од продажба“, треба да стои: „Управување со средства од продажба, закуп и отстапување“

Запирката по зборот: „имот“ во член 5 се брише и се додаваат зборовите: „и средства во висина од 7 % од вредноста на отстапениот имот“.

Член 5

Во членот 6 запирката по зборот: „имот“се брише и се додаваат зборовите: „и средства во висина од 7 % од вредноста на отстапениот имот“.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб страната на Агенцијата.

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.

Бр. 01-3010/1
9 јули 2025 година
Скопје